ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 16 ДАТА 29.07.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 16 ДАТА 29.07.2020 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕТО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

Седница од 27.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Љамчевски Љ. Петар од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, Христијан В.Кировски од ФК „Струга Трим Лум„ од Струга Имери З. Агон од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, Зеќири А. Арди од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудблски сојуз Гостивар фудбалерот Рамадани И. Бесир од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Дополнување на документација од
Седница од 20.07.2020 година
за ОФС Тетово

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Стојчески Филип од Фудбалски клуб „Сиони Болниски„ Република Грузија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Стојчевски Филип склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Седница од 27.07.2020 година
за ОФС Тетово

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Рамадани Р. Емран од ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга и Јашароски А. Ален од Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје по член 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерите: Абдула Т. Џелил, Гавазај Е. Алуш, Садики А. Бурим, Велија Н. Башким, Гафури Н. Арѓент, Мишковски С. Ненад, Фетаи Р. Саимир, Селмани Е. Јасир, Селмани Р. Ремзифаик, Шефити Е. Шефит, Велии З. Хадис, Јашароски А. Ален и Рамадани Р. Емран, склучија договори за вработување на фудбалер во врметраење од по 1 (една) година до ЛПР 2021 година.

Фудбалксиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Ебиби Ј. Фестим склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2023 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат до евиденцијја на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерите: Зеќири С. Ардит од Фудбалскиот клуб „Дрита АД„ од с. Богиње, Ничевска Т. Марија од ЖФК „Љуботен„ од Тетово и Имери З. Агон од Фудбалскиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Седница од 28.07.2020 година
за ОФС Тетово

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Дориев Р. Љупчо од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, по член 35/3.

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Дориев Р. Љупчо склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење до 3 (три) години до Летен преоден рок 2023 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС
Дополнување на документација од
Седница од 06.07.2020 година

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерот Стојчевски Стојан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Седница од 27.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОРЕЦ 1919 АД„ Велес: Ристовски Марјан од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, Пеев Лазе од ФК „Плачковица„ од Радовиш и Станковски Марио од ФК „Каменица Саса„ од Македонска Каменица, по член 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерите: Ристовски Филип и Стоименовски Оливер склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерот Ибрахимовиќ Џемаил склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење до 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерот Прелчец Никола, во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година бидејќи нема Барање за привремен престој од МВР за во РСМ.

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерот Радовиќ Никола во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година, бидејќи нема Барање за привремен престој од МВР.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Пеев Оливер од Фудбалксиот клуб „Каламата„ од Република Грција за Фудбалскиот клуб „Борец 1919 АД„ од Велес по член 35/11 бидејќи нема склучено договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кавадарци фудбалерот Ристовски Ѓорѓи Марјан од Градскиот фудбалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

Седница одржана на ден 28.07.2020 година

❖ **Раскин на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Омерагиќ М. Азер го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Тошевкси С. Давид го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС„Гази Баба„ фудблерите: Фочовски Т. Стефан од ФК „Форца Вардар„ од Скопје, Пецески М. Лука, Омерагиќ М. Азер од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Амбари Ф. Трим од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Бојаџиев н. Виктор, Ставрев А. Лука, Стојковски А. Бојан, Ѓорѓиев Христијан од ФК „Кадино„ од с. Кадино, Николовски Н. Давид, Николовски Н. Деан од ФК „Спорт Ефе Вардар„ од Скопје, порди преминување со регистрација во друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Дополнување на документација
од седница од 21.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Наумоски Кристијан од ФК „Балзан„ од Малта, чл. 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје ио фудбалерот Наумоски Кристијан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје: Бенјамин Демир од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Стошиќ Б. Денис од ФК „Брегалница 2008 АД„ Штип, Бафтијари Џ. Ветон од ФК „Камјани„ од Тетово, по член 35/3.

Стефковски З. Христијан од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по член 35/10.

ЖФК „ШКУПИ 2019„ Скопје: Санела Дрпљанин, Нурије Зендели, Фјола Беќири, Анеса Речи, Азра Абдулова, Мејрем Абдулахи, Ељејса Лимани, Ерина Далипи, Мевлан Сејди и Севим Илјаз, по член 35/1.

Зејнел Ељези, Нецмије Влјахен, Фатуш Садики од ЖФК „Њу Јорк„ од Скопје, по член 35/4.

❖ **Регистрации кои не се оообјавуват:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Калид Басит Абдул од ФК „Теута„ од Република Албанија за ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во влрметраење од 1 (дна) година и 6 (шест) месеци до Зимски преоден рок 2022 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОСОГОВО„ Кочани: Димитар Ивнов од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по чл. 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОГОРОДИЦА 2020„ с. Богородица: Ангелов Лазар, Караѓоргиев Атанас, Танов Симеон, Бегов Марјан, Танев Сашо, Петров Мијо, Попов Бошко, Петар Папучиев и Станојковиќ Милорад, по член 35/1.

Ангелов Александар од ФК „Зорбас Победа„ од с. Мрзенци и Ангелов Димче од ФК „Кожуф„ од Гевгелија, по член 35/2.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерите Карастојанов Стојан и Петров Димитар за ФК „Богородица 2020„ од с.Богородица по член 35/1 бидејќи нема потпис од родител, а фудбалерите се малолетни.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Стоев Стефче за ФК „Богородиц 2020„ од с. Богородица по член 35/1, бидејќи на овој фудбалер оваа регистрација не му е прва и неможе да се регистрира по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

Седница од 28.07.2020 година.

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Мичковски В. Тони, Рунтев Г. Марио, од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, по член 35/3.

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Кудијан Д. Андреј од ФК „Плачковица„ Радовиш, чл. 35/3.

Стојанов В. Мартин од ФК „Кит Го Пехчево„ од Штип, по член 35/8.

Митрев М. Антонио од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по член 35/10.

❖ **Склучување на договор за отстапување:**

Фудбалскиот клуб „Кит Го Пехчево„ од Штип, Фудблскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Стојанов В. Мартин склучија договор за регистрација со привремено отстапување во врметраење од 6 (шест) месеци, до ЗПР 2021 година.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Китановкси Н. Кристијан од Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје за Фудбаскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип по член 35/7 бидрјќи нема платено обесштетување ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип на фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје за фудбалерот за времето кога бил аматер во клубот.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

Дополнување на документацјиа од

Седнца од 14.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалри:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Серафимов Никола од Фудбласкиот клуб „Висоцина Јахлава„ од Република Чешка, по член 35/11.

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА АД„ Струмица: Силјановски С. Дејан од ФК „Каменница Саса„ од Македонска Каменица, по член 35/3.

Ивановски Д. Зоран од ФК „Академија Панев АД„ од Струмица, поп чл. 35/8.

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудблскиот клуб „Беласица АД„ од Струмица и фудбалерот Силјановски Дејан склучија дововор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметрање од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

❖ **Склучување на договор за отстапување:**

ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, ФК „Беласица АД„ од Струмица и фудбалерот Ивановски Зоран склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во врметраење до 1 (една) година дои Летен преоден рок 2021 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

Седница од 28.07.2020 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК "ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Кочоски Г. Валентин од ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга , по член 35/3.

ЖФК „ТОП ГОЛ„ Битола: Димитровска Љ. Георгина, по член 35/1.

Ничевска Т. Марија од ЖФК „Луботен„ од Тетово, по член 35/10.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Пелистер АД„ Битола и фудбалерите: Спиркоски С. Благоја и Кочоски Г. Валентин, склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетрање од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбаелри при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерот Иванов Ј. Димитар од ФК „Пелистер АД„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации киои не се ојавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Сапало Амаро Алдаир Нето од Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово за Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола по член 35/3, бидејќи нема Барање од МВР за приврмен престој во Република Северна Македонија. Не се објавува и неговиот професионален договор во врметраење од 1 (една) година дио Летен преоден рок 2021 година.

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1622/9
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 8 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се потврдуваат Одлуката за измени во регионалната поставеност и систем за натпреварување во првенственот натпреварување во категоријата Фудбал за сениори бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година и Одлуката бр. 0202-1589/4 од 11.07.2020 за измени на одлуката бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 на Управниот одбор.

2. Се вршат измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги.

3. Се утврдува регионалната територијалната распореденост на ОФС во 5(пет) региони каде се организираат 5(пет) Трети лиги и тоа:
   - Источен регион со (5)ОФС / Трета лига Исток:
   ОФС Струмица, ОФС Штип , ОФС Свети Николе, ОФС Кочани и ОФС Пробиштип.
   - Северен регион со (6)ОФС /Трета лига Север:
   ОФС Г.Баба, ОФС К.Вода, ОФС Скопје, ОФС Липково, ОФС Куманово и ОФС Кратово.
   - Јужен регион со (6)ОФС /Трета лига Југ:
   ОФС Прилеп, ОФС Велес, ОФС Кавадарци, ОФС Неготино, ОФС Валандово и ОФС Гевгелија.
   - Западен регион со (3) ОФС /Трета лига Запад:
   ОФС Тетово, ОФС Гостивар и ОФС Кичево.
   - Југозападен регион со (6)ОФС /Трета лига Југозапад:
   ОФС Битола, ОФС Ресен, ОФС Охрид , ОФС Струга, ОФС Д.Хисар и ОФС Македонски Брод.

4. Приказот на измени во регионалната поставеност и територијална поделба на Третите лиги е составен дел на оваа одлука.

5. Одлуката стапува на сила веднаш.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Деловоден бр.0201-1627/9

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, на седницата одржана на 12.07.2020 година, ги разгледаа Одлуката бр. 0202-432/10 од 06.03.2020 година и одлуката бр. 0202-1589/4 од 11.07.2020 на Управниот одбор, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/9

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/10
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 11 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот за работата на Претседателот и Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, за периодот од 17 Март 2019 година до 12 Јули 2020 година, како и органите и телата на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за сезона 2018/2019 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година го разгледа извештајот за работата на Претседателот и Управниот одбор за периодот од 17 Март 2019 година до 12 Јули 2020 година, поднесен од страна на Управниот одбор на ФФМ, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/10

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 02 01-1627/11
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 12 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** извештаите на правните органи и лиценцни тела на Фудбалската Федерација на Македонија, за активностите за сезона 2018/2019.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година ги разгледаа извештаите на правните органи и лиценцни тела на Фудбалската Федерација на Македонија, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/11

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201 – 1627/12
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 30 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2019 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година го разгледа извештајот од Администрацијата на Фудбалската Федерација на Македонија за исполнување на Стратегискиот план на ФФМ 2016-2026, за 2019 година, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/12

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/13
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** извештајот од независниот ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи на ФФМ за 2019 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.
3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, го разгледа извештајот и го прифатија мислењето на независниот ревизор, по што се одлучи како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/13

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/14
12.07.2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 10 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2019 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, ја разгледа Завршната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија за 2019година, по што одлучи како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/14

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/15
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 9 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** буџетот на Фудбалската Федерација на Македонија за 2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, на предлог на Управниот одбор на ФФМ го разгледа и усвои буџетот на Фудбалската федерација на Македонија за 2020 година како во предлогот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/15

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/16
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 8 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

за измени во систем за натпреварување и воведување на двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал

1. Се потврдуваат Одлуката за измени во систем за натпреварување и воведување на двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал бр. 0202-432/11 од 06.03.2020 година и Одлуката бр. 0202-1589/7 од 11.07.2020 за измени на одлуката бр. 0202-432/11 од 06.03.2020 на Управниот одбор.

2. Од натпреварувачката 2020/21 година се воведува двостепеност во натпреварувањето во женски фудбал.

3. Се формира Втора лига во женска сениорска конкуренција.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, ги разгледаа Одлуката бр. 0202-432/11 од 06.03.2020 година и одлуката бр. 0202-1589/7 од 11.07.2020 на Управниот одбор, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/16

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/17
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 6 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** Правилникот за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, на предлог на Управниот одбор на ФФМ го усвоија предлог Правилникот за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/17

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/19
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 23 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ НАЗНАЧУВА** Друштвото за ревизија ЕФЕКТ – ПЛУС ДООЕЛ Скопје за независен ревизор на Фудбалската Федерација на Македонија за 2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, на предлог на Управниот одбор донесоа одлука за назначување на независен ревизор на Фудбалската Федерација на Македонија како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/19

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/20
12.07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 22 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. **СЕ ИЗБИРА** Христина Јакимовска од Скопје за член на Комисијата за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија, со мандат до 2021 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година, ја избраа Христина Јакимовска од Скопје за член на Комисијата за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/20

Редовно Генерално Собрание
12 Јули 2020 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/21
12 07 2020 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 32 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 12.07.2020 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се овластува Управниот одбор на ФФМ да утврди буџетската позиција инфраструктурни проекти во која ќе бидат релоцирани средствата предвидени за реализација на активностите од Буџетот за 2020 година за кои Управниот одбор ќе утврди дека не се реализирани, односно нема да се реализираат.

2. Одлуката стапува на сила веднаш, да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 12.07.2020 година го овластија Управниот одбор да утврди колкав дел од средствата предвидени за реализација на активностите од Буџетот за 2020 година не се реализирани, односно нема да бидат реализирани, како последица од општата ситуација предизвикана од пандемијата Ковид 19 и овие средства да ги релоцираат во нова буџетска позиција за инфраструктурни проекти.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседавач,
Муамед Сејдини

Деловоден бр.0201-1627/21

Врз основа на член 58 став 1 точка 6 и член 89 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, делегатите на Генералното Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 12 Јули 2020 година, го донесоа следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0201-1627/18
12.07.2020 год.

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за утврдување на делегатите – членовите на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија, начинот и постапката на верификација на мандатите на делегатите/членовите на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија, се уредуваат изборните процеси во Фудбалската Федерација на Македонија и тоа изборот на членови на Управниот одбор и изборот на Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, составот и надлежностите на Комисијата за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија.

Член 2

Фудбалската Федерација на Македонија како независна, доброволна, непрофитна, национална организација од областа на фудбалскиот спорт, основана врз основа на позитивните законски прописи на Република Северна Македонија, регистрирана во соодветниот регистар што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија како здружение, во согласност со Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт на Република Северна Македонија има исклучива надлежност да го организира и уредува фудбалскиот спорт на територија на Република Северна Македонија.

ФФМ како неполитичка и непрофитна спортска организација заснована на принципите на интегритет и спортски дух во согласност со принципите на фер плеј, основана на 16.08.1948 година е целосно независна во начинот на утврдување на принципите, правилата и постапките по кои ќе ги извршува своите активности.

Независноста, правата и обврските на Фудбалската федерација на Македонија произлегуваат и се уредени со актите на ФФМ, ФИФА, УЕФА и одредбите на Законот за спорт преку кои се обезбедува автономијата односно независноста на ФФМ .

Член 3

Согласно Статутот на ФФМ, Статутот на УЕФА, Статутот на ФИФА и Повелбата на ИОК не е дозволено мешање и надворешни влијанија од било кој вид во изборниот процес или пак влијание врз изборниот процес, како и лицата вклучени во изборниот процес.

КОМИСИЈА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА

Состав

Член 4

Комисијата за избори и верификација е колегијален орган.

Комисијата за избори и верификација е орган чиј Претседавач и членови ги избира Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија, со мандат од 4 (четири) години.

Во случај мандатот на членовите на Комисијата за избори и верификација да истекува во календарска година пред одржување на изборно собрание (вонредно или редовно изборно), а по донесување на одлука од Управниот одбор со која се определува датумот на одржување на истото, ќе се смета дека мандатот на изборната комисија истекува на денот на одржување на изборното собрание односно по завршување на изборниот процес и изборот на новиот состав на комисијата за избори и верификација.

Комисијата за избори и верификација брои вкупно 5 (пет) члена.

За член на Комисијата за избори и верификација, може да биде избрано лице кое поседува стручни знаења од областа на правото.

За член на Комисијата за избори и верификација, не може да биде избрано лице кое во моментот на избор е делегат на Собрание на ФФМ, член на Управен одбор, член на правни и лиценцни органи на ФФМ (Дисциплинска комисија, Комисија за жалби, Дисциплински инспектор, Комисија за лиценцирање, Комисија за жалби на лиценцирање).

Член 5

На конститутивната седница на Комисијата за избори и верификација, членовите од своите редови го бираат заменик претседавачот на Комисијата.

Изборот на заменик претседавач на Комисијата за избори и верификација се врши со мнозинство од вкупниот број на членови на Комисијата за избори и верификација.

За изборот на заменик претседавач, Комисијата за избори и верификација го известува Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Кворум и начин на одлучување

Член 6

За полноважно одлучување на Комисијата за избори и верификација потребно е присуство на повеќе од половина од вкупниот број на членови. (3-три члена).

Дозволено е одржување на седници и одлучување и кога присуството на членовите на Комисијата за избори и верификација е преку воспоставена електронска односно телефонска врска, за што се води посебна белешка или истото с енаведува во самиот записник од седницата.

Комисијата за избори и верификација одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата.

Изземање

Член 7

Член на Комисијата за избори и верификација ќе се изземе од гласање и ќе се повлече од изборниот процес при разгледување на кандидатури за Претседател, односно кандидати за членови на Управниот одбор, доколку со некој од кандидатите за претседател, односно за член на Управен одбор е:

- брачен, односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен, а по сватовство до вотриот степен;

- самиот е кандидат за претседател, односно кандидат за член на Управниот одбор.

Членот на Комисијата за избори и верификација, штом ќе узнае дека постои некоја од причините за изземање од претходниот став на овој член, е должен да ја прекине секоја работа и активност во Комисијата за избори и верификација и за тоа да го извести Управниот одбор на ФФМ.

Изземање може да бараат и кандидатите за Претседател, односно кандидатите за членови на Управниот одбор.

Барањето за изземање се поднесува заедно со кандидатурата и во истото ја наведуваат причината и околностите поради кои смета дека постои некој од основите за изземање, утврдени во член 7 став 1 алинеа 1 и 2.

Кандидатот може да поднесе барање за изземање само на поименично определен член на Комисијата за избори и верификација, во случај да се исполнети условите од овој член.

Член 8

За барањето за изземање од член 7 став 4 одлучува Комсијата за жалби на ФФМ.

Комисијата за жалби одлучува по барањето за иземање веднаш, а најдоцна во рок од 3-три дена од денот на прием на барањето за изземање во Фудбалската Федерација на Македонија.

Комисијата за жалби пред донесување на Решение за иземање на член на Комисијата за избори и верификација, ќе прибави изјава од членот чие иземање се бара, а по потреба ќе спроведе и други дејствија.

Против Решението со кое се усвојува барањето за изземање, како и против Решението со кое се одбива барањето за изземање не е дозволена жалба.

Решението на комисијата за жалби на ФФМ е конечно и против истото не се дозволени редовни и вонредни правни лекови.

ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА

Член 9

Мандатот на членовите на Комисијата за ибори и верификација , ќе се смета за прекинат во случај на:

- утврдување на трајна неспособност за вршење на функцијата или смрт;
- правосилна судска пресуда со која на членот му е изречена казна затвор втраење од 6 месеци и повеќе;
- неоправдано отсуство на повеќе од 3 (три) последователни седници;
- поднесување на писмена оставка.

Член 10

При прекин на мандатот на/или повеќе од 3 (три) члена, Управниот одбор заради зачувување на интегритетот и заштита на процесот на одлучување спроведува постапка за назначување на еден или повеќе членови на испразнетите позиции.

На првата наредна седница на Собранието, на местото на прекинатите мандати се потврдуваат назначените од Управниот одбор или се избираат нови.

Свикување на комисијата

Член 11

Генералниот Секретар на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од 3 (три) дена по носење на одлука за свикување на Собрание од страна на Управниот одбор, е должен да ги извести членовите на Комисијата за избори и верификација.

Комисијата за избори и верификација, ја свикува Претседавачот во рок од 7 (седум) дена од денот на известување за закажаното Собрание, Комисијата се состанува и превзема активности од своите надлежности.

Генералниот Секретар, или лице назначено од Генералниот секретар, вработено во Генералниот Секретаријат на Фудбалската Федерација на Македонија, административно ја подржува работата на Комисијата за избори и верификација.

Надлежности

Член 12

Комисијата за избори и верификација

- го организира, координира и надгледува изборниот процес уреден со одредбите на Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и со овој Правилник;
- ги утврдува мандатите на делегатите и му предлага на Собранието верификација на иститите;
- ги утврдува замениците на делегатите;
- одлучува за исполнетоста на критериумите на кандидатите за Претседател и кандидатите за членови на Управниот одбор
- ги утврдува кандидатите за Претседател, односно кандидатите за членови на Управниот одбор.
- го утврдува кворумот за работа на Генералното Собрание на ФФМ

Член 13

Комисијата е надлежна за работите кои произлегуваат од овој Правилник, кои се поврзани со организацијата и текот на Генералното собрание на ФФМ, без разлика дали станува збор за редовно собрание, вонредно собрание.

Комисијата при превземање на активностите и вршење на работи од нејзина надлежност:

а) Ќе се води и ќе го применува статутот на Фудбалската Федерација на Македонија;

б) Ќе се води и ќе ги применува директивите и регулативите на ФИФА и УЕФА;

Комисијата за избори и верификација, одлуките ќе ги носи исклучиво во согласност со Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и со одредбите од овој Правилник.

Член 14

Комисијата за избори и верификација пред одржување на Редовно изборно годишно собрание за кое, членките на ФФМ доставуваат делегати и заменици делегати на

Собранието на ФФМ, ги утврдува делегатите и заменици делегатите на секоја членка на ФФМ.

По утврдување на делегати и заменици делегати на секоја членка на ФФМ, изготвува пречистена листа на делегати и пречистена листа на заменици делегати на ФФМ.

Комисијата за избори и верификација изготвува пречистена листа на делегати на Собранието на ФФМ пред одржување на секое Собрание на ФФМ.

Врз основа на пречистената листа на делегати, се доставуваат поканите и материјалите согласно Статутот на Фудбалската Федерација на Макеодниија.

Записник

Член 15

За секое дејствие преземено од страна на Комисијата за избори и верификација и за секоја одржана седница на Комисијата за избори и верификација се составува записник истовремено со одржување на седницата, односно превземањето на дејствието.

Записникот го води администраторот на Комисијата.

Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Комсијата за избори и верификација, по завршување на седницата.

Членовите на Комисијата за избори и верификација кои биле присутни преку електронска односно телефонска комуникација го потпишуваат записникот дополнително.

<u>КАНДИДАТУРИ</u>

Критериуми

Член 16

Критериумите и условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за Претседател и кандидатите за членови на Управниот одбор на ФФМ се дефинирани и утврдени во Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

Начинот, роковите и постапката за доставување на кандидатури, е утврдена и ќе се спроведува во согласност со Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

Разгледување на кандидатурите

Член 17

Кандидатурите мора да бидат разгледани од страна на изборната комисија во период од 3-три дена по истекот на рокот на нивното поднесување, освен во случај кога со кандидатурата се поднесува барање за изземање на член на комисијата согласно член 7 од овој Правилник.

Кандидатите навремено ќе бидат информирани за одлуката од разгледувањето на кандидатурите од страна на Комисијата.

Одлуката се доставува на адреса на седиште запишана во тековната состојба на членката на ФФМ која доставила кандидатура за Претседател, односно кандидатура за член на Управниот одбор.

Жалбена постапка

Член 18

Жалба против одлуката на комисијата за избори и верификација, која се однесува на утврдување на кандидат за Претседател, односно кандидат за член на Управниот одбор може да поднесе само членката на ФФМ преку овластеното лице за кандидатот кој го предложила во рок од 24 часа од прием на одлуката, до Комисијата за жалби на ФФМ.

По поднесената жалба комисијата за жалби одлучува во рок од 3 (три) дена од приемот на жалбата.

Одлуките на Комисијата за жалби се конечни.

Жалба против одлука на комисијата за избори и верификација, која се однесува на утврдување на делегати, односно заменици делегати на собранието на ФФМ, може да поднесе само членката на ФФМ преку овластеното лице на членката од каде доаѓаат делегатите, односно заменици делегатите, во рок од 24 часа од прием на одлуката, до Комисијата за жалби на ФФМ.

По поднесената жалба комисијата за жалби одлучува во рок од 3 дена од приемот на жалбата.

Одлуките на Комисијата за жалби се конечни.

Објавување на конечната листа

Член 19

Конечната листа на кандидати по истекот на роковите ќе биде јавно објавена во службеното гласило на ФФМ, Макфудал.

Член 20

Комисијата за време на одржување на Собранието:

- Го утврдува присуството на делегатите на Собранието во присуство на Нотар
- Го известува Собранието за присутните делегати на Собранието

Комисијата за време на одржување на Собранието на кое точка на дневен ред е и избор на претседател, и/или избор на членови на Управниот одбор :

- Ја следи процедурата за гласање во текот на генералното собрание користејќи ја листата на делегати со право на глас кој го има составено;
- Ги брои гласовите;
- Донесува одлука која е потребна во врска со валидноста или невалидноста на гласачките ливчиња;
- Носи конечна одлука за работи поврзани со гласачката процедура во текот на генералното собрание;
- Ги прогласува и соопштува официјалните резултати;

Гласачки ливчиња

Член 21

Генералниот секретаријат на Фудбалската Федерација на Македонија ќе обезбеди гласачки ливчиња согласно насоките дадени од страна на Комисијата.

Гласачките ливчиња треба да бидат испечатени јасно и читливо.

Формата на гласачките ливчиња ја утврдува Комисијата.

Гласачка кутија

Член 22

Гласачката кутија треба да биде прозирна.

Пред почетокот на процедурата за гласање, гласачката кутија, се презентира на делегатите на генералното собрание.

По презентирањето, таа се затвора и се осстава во близина на членовите на Комисијата.

Во текот на гласањето, гласачката кутија ќе ја следи еден од членовите на Комисијата.

Гласачки кабини

Член 23

Гласачките кабини – паравани, ќе бидат поставени во близина до гласачката кутија.

Гласање

Член 24

Претставник на Комисијата пред чинот на гласање, ќе ја објасни процедурата за гласање (гласачка кутија, гласачки ливчиња, валидни и невалидни гласачки ливчиња, броење, потребни мнозинства, резултати и т.н.) и ќе ги цитира релевантните статутарни одредби во врска со гласањето.

Претставник на Комисијата редоследно согласно утврдената листа на делегати на Собранието ги чита делегатите на генералното собрание кој имаат право на глас и ги повикува да дојдат напред во салата каде што се одвива гласањето.

Откако ќе биде повикан, делетатот оди во предниот дел од салата и откако ќе се евидентира во листата на гласање , тој го добива своето гласачко ливче.

Делегатот потоа го пополнува своето гласачко ливче во гласачката кабина наменета за таа цел.

Делегатот по гласањето го внесува своето гласачко ливче во гласачката кутија.

Процедурата на броење започнува веднаш штом сите делегати со право на глас кои гласале, ќе ги внесат своите гласачки ливчиња во гласачката кутија.

По констатирање дека гласањето е завршено, комисијата започнува со броење на гласачките ливчиња.

<u>БРОЕЊЕ</u>

Општи принципи. Одлуки во случај на спор

Член 25

Само членовите на Комисијата може да учествуваат во броењето.

Во случај на спор во врска со валидноста или невалидноста на глас/ови, објавување на резултатите и/или друга работа во врска со процедурата за броење, одлуката на Комисијата е конечна.

Неважечки гласачки ливчиња

Член 26

Гласачките ливчиња се сметаат за неважечки кога:

а) немаат официјални карактеристични ознаки дефинирани од Комисијата;

б) имаат заокружено повеќе / помалку од потребниот број на заокружени имињата на кандидатите од зависност од видот на изборот;

в) гласачките ливчиња кои не се читливи и/или се изобличени;

г) гласачките ливчиња кои имаат идентификациски ознаки.

д) се оштетени гласачките ливчиња;

Одлуката на Комисијата е конечна.

Печатни грешки

Член 27

Печатните грешки во гласачкото ливче ќе имаат влијание само доколку не е можно да се идентификува со сигурност било кој од официјалните кандидати, во спротивно истите ќе се третираат како обични печатни грешки кои нема да бидат од влијание.

Броење и објавување на резултатите

Член 28

Откако ќе се отвори гласачката кутија и ќе се констатира дека започнува броењето, членовите на Комисијата можат броењето да го вршат тајно или на глас, по претходна потврда на валидноста на гласачкото ливче. Ако бројот на гласачките ливчиња е еднаков или помал од вкупно издадените гласачки ливчиња, тогаш гласањето е важечко. Ако го преминува бројот на вкупно издадени гласачки ливчиња, гласањето ќе се прогласи за неважечко и веднаш ќе се повтори во согласност со процедурата опишана горе.

Откако ќе се потврди вкупниот број на гласачките ливчиња во кутијата, членовите на Комисијата ќе продолжат со утврдување на бројот на гласови кои се дадени за различните кандидати.

Откако броењето ќе заврши и ќе се утврдат резултатите, претседавачот или друг член овластен од него, официјално ќе ги објави резултатите на делегатите на генералното собрание.

Ако е потребно второ (последователно) гласање, во зависност од видот на изборот, процедурата за гласање ќе се повтори во согласност со горните членови. Делегатите на генералното собрание ќе бидат информирани за статуарните одредби кои важат за второто (последователно) гласање (пр. било какви потребни промени кон мнозинството, елиминација на кандидатите).

Објавување на конечните резултати

Член 29

По секој круг на гласање од изборите, претседавачот или друг член овластен од него, ќе ги објави резултатите официјално пред делегатите на Собранието на ФФМ.

Член 30

Нотар ќе присуствува на генералното собрание за да го води записникот.

Нотарот ќе врши идентификација на делегатите со право на глас.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

За сите случаи во врска со административната и техничката организација на собранието за изборите, кои не се регулирани со овој правилник, надлежна е Комисијата.

Член 32

Овој правилник ќе се објави во службеното гласило на ФФМ, а стапува на сила веднаш.

Со стапување на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за избори на ФФМ донесен, на седницата одржана на 28.04.2012 година и неговите измени и дополнувања.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,

Муамед Сејдини

МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО